АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-3027/2
16.10 2020 год. viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, промет, проектирање, монтажа и инсталирање, инжењеринг
ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ
Бр. 0307/305
16.10 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 30.09.2020 година, на ден ___________2020 година се склучува

**Д О Г О В О Р**
**за јавна набавка на работи**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за производство, промет, проектирање, монтажа и инсталирање, инжењеринг ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Ѓорѓе Андреевиќ Кун бр2 - Скопје, застапувано од Управител Чедомир Петрунов (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на работи – Модернизација, санација и адаптација на објект - Центар за вработување Куманово за потребите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно предмерот - техничките спецификации содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.12168/2020.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени за секоја позиција од договорените работи се дадени во конечната понуда на Носителот на набавката од 05.10.2020 година која е составен дел на овој Договор:

| Реден број | Опис на работите | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **ГРАДЕЖНИ РАБОТИ** | | | | | |
| 1.1 | Демонтажа на дрвени прозори и врати и нивно складирање на место одредено од инвеститорот | | | | | |
| 1.1.1 | 2,90 x 1,70 | парче | 20,00 | 500,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 1.1.2 | 1,40 x 1,30 | парче | 2,00 | 400,00 | 800,00 | 144,00 |
| 1.1.3 | 3,00 x 4,00 | парче | 8,00 | 800,00 | 6.400,00 | 1.152,00 |
| 1.1.4 | 0,70 x 0,70 | парче | 5,00 | 250,00 | 1.250,00 | 225,00 |
| 1.1.5 | 6,40 x 2,00 | парче | 4,00 | 1.000,00 | 4.000,00 | 720,00 |
| 1.2 | Демонтажа на врати 0,85/205 | парче | 32,00 | 400,00 | 12.800,00 | 2.304,00 |
| 1.3 | Демонтажа на ограда на скали со изнесување на матријал во дворно место | парче | 8,20 | 200,00 | 1.640,00 | 295,20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | Демонтажа на лимени окапници и нивно складирање на место одредено од инвеститорот (хоризонтални и вертикални олуци) | м | 162,80 | 100,00 | 16.280,00 | 2.930,40 |
| 1.5 | Демонтажа и понова монтажа на клима уреди комплет со сиот потребен споен матријал | парче | 2,00 | 4.800,00 | 9.600,00 | 1.728,00 |
| 1.6 | Расчистување на просториите од инвентар, бироа, столици, плакари, фотељи, компјутери, шкафчиња и др | паушал | 1,00 | 10.000,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 1.7 | Оформување отвор од прозори со прод.малтер или слично | м | 772,80 | 220,00 | 170.016,00 | 30.602,88 |
| 1.8 | Набавка, транспорт и монтажа на ПВЦ прозори изработени од 5-то коморни профили, термопан стакло 4+16+4 комплет со оков и мнајмалку едно крило на отклонување | | | | | |
| 1.8.1 | 2,90 x 1,70 | парче | 24,00 | 31.300,00 | 751.200,00 | 135.216,00 |
| 1.8.2 | 1,40 x 1,30 | парче | 2,00 | 11.400,00 | 22.800,00 | 4.104,00 |
| 1.8.3 | 3,00 x 4,00 | парче | 8,00 | 72.300,00 | 578.400,00 | 104.112,00 |
| 1.8.4 | 0,70 x 0,70 | парче | 2,00 | 4.120,00 | 8.240,00 | 1.483,20 |
| 1.9 | Набавка, транспорт и монтажа на ал.влезни врати 3,40 x 2,90 и портали термопан стакло 4+16+4 комплет со оков | парче | 3,00 | 61.000,00 | 183.000,00 | 32.940,00 |
| 1.10 | Набавка, транспорт и монтажа на подпрозорски ПВЦ банци ширина 25цм | м | 92,80 | 800,00 | 74.240,00 | 13.363,20 |
| 1.11 | Набавка, транспорт и монтажа на лимени подпрозорски банци р.ш 25цм | м | 92,80 | 380,00 | 35.264,00 | 6.347,52 |
| 1.12 | Набавка, транспорт и монтажа на дрвени собни врати | парче | 29,00 | 11.500,00 | 333.500,00 | 60.030,00 |
| 1.13 | Обивање на малтер од ѕидови и исрфлање на шут до дворно место | м2 | 176,00 | 120,00 | 21.120,00 | 3.801,60 |
| 1.14 | Изработка ѕид со гипс картон д=10цм, исполна тервол 5 цм, на сопствена конструкција, бандажирано и спремно за глетување | м2 | 25,29 | 900,00 | 22.761,00 | 4.096,98 |
| 1.15 | Обложување ѕид со гипс картон на конструкција еднострана обложена со гипс | м2 | 11,50 | 800,00 | 9.200,00 | 1.656,00 |
| 1.16 | Монтажа и демонтажа на фасадно скеле | м2 | 552,00 | 150,00 | 82.800,00 | 14.904,00 |
| 1.17 | Глетување ѕид од гипс картон со надворешна глет маса | м2 | 60,08 | 110,00 | 6.608,80 | 1.189,00 |
| 1.18 | Обработка на фасаден ѕид со готов малтер кулирпласт | м2 | 39,60 | 800,00 | 31.680,00 | 5.702,40 |
| 1.19 | Боење со мрсна боја в=1,50 цм во ходници и степениште со боја иста како постоечката | м2 | 143,71 | 200,00 | 28.742,00 | 5.173,56 |
| 1.20 | Рушење ѕид од тула со исфрлање на шут во дворно место | м3 | 1,20 | 3.000,00 | 3.600,00 | 648,00 |
| 1.21 | Молерисување ѕидови и плафони со внатрешен бел поликолор | м2 | 1179,00 | 60,00 | 70.740,00 | 12.733,20 |
| 1.22 | Ѕидање ѕид со блок тула д-25 цм | м3 | 1,50 | 5.200,00 | 7.800,00 | 1.404,00 |
| 1.23 | Ѕидање ѕид со блок тула д-12 цм | м2 | 25,62 | 1.000,00 | 25.620,00 | 4.611,60 |
| 1.24 | Набавка, транспорт и поставување на ПВЦ под во ролни д-2 мм со заварување на фуги со пвц електроди | м3 | 103,00 | 1.100,00 | 113.300,00 | 20.394,00 |
| 1.25 | Набавка, транспорт и монтажа на ламинат д=8мм, класа 32 поставен врз филц и кош лајсни | м2 | 350,00 | 950,00 | 332.500,00 | 59.850,00 |
| 1.26 | Стругањање, китирање и лакирање стар паркет со поставување на нови ќош паркетни лајсни | м2 | 120,96 | 180,00 | 21.772,80 | 3.919,10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.27 | Крпење на пукнатини на ѕидови со бандаж трака прицврстена на ѕидот со готов малтер со внатрешна глет маса | м2 | 235,80 | 70,00 | 16.506,00 | 2.971,00 |
| 1.28 | Рушење на ѕидни и подни керамички плочки и терацо под здрава основа на ѕидот со исфрлање на шут во дворно место | м2 | 176,00 | 150,00 | 26.400,00 | 4.752,00 |
| 1.29 | Малтерисување ѕид со цемент малтер во санитарни чворови | м2 | 220,00 | 330,00 | 72.600,00 | 13.068,00 |
| 1.30 | Обложување ѕидови со ѕидни керамички плочки 25/40 лепени со лепак за плочки на отворена фуга 3 мм фугирани со фуга водонепропусна | м2 | 168,30 | 1.250,00 | 210.375,00 | 37.867,50 |
| 1.31 | Изработка на цементна кошулица со пад према топ сифони со д=5-6 цм | м2 | 48,72 | 440,00 | 21.436,80 | 3.858,62 |
| 1.32 | Изработка на хидроизолација со хидромал флекс три слоја на ѕид до висина 30цм и под во санитарен чвор | м2 | 132,34 | 450,00 | 59.553,00 | 10.719,54 |
| 1.33 | Набавка,транспорт и поставување на подни керамички плочки 1 класа 33/33 лепени со лепак за подот на отворена фуга 3мм во вц и ходници | м2 | 234,00 | 1.400,00 | 327.600,00 | 58.968,00 |
| 1.34 | Изработка на цокле во ходници h-10цм со истите плочки лепени со лепак | м1 | 138,00 | 250,00 | 34.500,00 | 6.210,00 |
| 1.35 | Набавка, транспорт и изработка на спуштен плафон тип Амстронг | м2 | 510,00 | 1.300,00 | 663.000,00 | 119.340,00 |
| 1.36 | Рушење на фасадно цокле -малтер оштетен од влага, исфрлање на шутот во дворно место | м2 | 20,00 | 100,00 | 2.000,00 | 360,00 |
| 1.37 | Изработка на цокле од кулир пласт со припрема на подлогата, лепак, мрежа лепак | м2 | 43,71 | 800,00 | 34.968,00 | 6.294,24 |
| 1.38 | Проверка на дрвена кровна конструкција, замена на иструлена оштетна граѓа-греди, летви, демонтажа и монтажа на кровен покривач | м2 | 185,00 | 1.550,00 | 286.750,00 | 51.615,00 |
| 1.39 | Штемување арматурен бетон на влез за оформување на скали со исфрлање на шут на локална депонија | м3 | 3,04 | 4.000,00 | 12.160,00 | 2.188,80 |
| 1.40 | Тампонирање со тампон д=10цм со припрема на подлога со набивање на тлото | м3 | 9,00 | 1.000,00 | 9.000,00 | 1.620,00 |
| 1.41 | Набавка и армирање со мрежа Q188 | кгр | 275,00 | 62,00 | 17.050,00 | 3.069,00 |
| 1.42 | Набавка и бетонирање на арм.бетонски скали со МБ 30 | м2 | 5,37 | 8.000,00 | 42.960,00 | 7.732,80 |
| 1.43 | Набавка, транспорт и поставување на ивичњаци д-5 цм со ископ, кршење на (постоечките оштетени) и бетонирање | м1 | 17,00 | 400,00 | 6.800,00 | 1.224,00 |
| 1.44 | Набавка, транспорт и поставување на готови каналети 40/40 на подлога од песок | м1 | 17,00 | 550,00 | 9.350,00 | 1.683,00 |
| 1.45 | Штемување цементна кошулица со сите слоеви до арм.бет.плоча изнесување на шут и исфрлање до депонија | м2 | 336,85 | 500,00 | 168.425,00 | 30.316,50 |
| 1.46 | Изработка на пристапна рампа изработена со метални профили 80/60/4 - бродски лим 3/4 комплет со ограда од цевки Ф50 -Ф25 минизирана со минимум | кг | 655,00 | 140,00 | 91.700,00 | 16.506,00 |
| 1.47 | Набавка,транспорт и поставување на бехатон коцки д=5цм на подлога од песок | м2 | 67,00 | 1.000,00 | 67.000,00 | 12.060,00 |
| 1.48 | Премачкување на ѕидни и подни површини со У врска контакт бетон | м2 | 680,00 | 90,00 | 61.200,00 | 11.016,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.49 | Изработка на цементна кошулица д=3-4 цм со д=2цм стиропор и фолија | м2 | 336,85 | 550,00 | 185.267,50 | 33.348,15 |
| 1.50 | Изработка на контактна демит фасада со стиропор д-8цм, прицврсдтена со лепак, стаклена мрежа лепак ПВЦ типли мин. 6ком/м2 и завршна обработка со акрилен малтер боја по избор на инвеститор | м2 | 580,00 | 1.250,00 | 725.000,00 | 130.500,00 |
| 1.51 | Набавка,транспорт и монтажа на клима 3,5 комплет со сиот потребен споен матријал | парче | 5,00 | 34.000,00 | 170.000,00 | 30.600,00 |
| 1.52 | Набавка, транспорт, изработка и монтажа на венецијанер завеси | м2 | 122,00 | 1.300,00 | 158.600,00 | 28.548,00 |
| **2.** | **ГРЕЕЊЕ** | | | | | |
| **2.1** | **РАДИЈАТОРСКО ГРЕЕЊЕ** | | | | | |
| 2.1.1.1 | Испорака,транспорт и монтажа на ал.радијатори 600/80-1 | чл | 250,00 | 650,00 | 162.500,00 | 29.250,00 |
| 2.1.1.2 | Демонтажа на гусани радијатори со 15 чланици, промена на вентили, дихтунзи и понова монтажа | парче | 5,00 | 600,00 | 3.000,00 | 540,00 |
| 2.1.2 | Цевкасти регистри за тоалети со димензии Rondo 4/13-815 W | парче | 2,00 | 5.000,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 2.1.3 | Арматура за радијатори: | | | | | |
| 2.1.3.1 | Термостатски радијатори вентили 1/2 со терм.глава | парче | 14,00 | 1.100,00 | 15.400,00 | 2.772,00 |
| 2.1.3.2 | радијаторни вентили 1/2 | парче | 18,00 | 400,00 | 7.200,00 | 1.296,00 |
| 2.1.3.3 | радијаторни редуцири 1/1/2 | парче | 28,00 | 130,00 | 3.640,00 | 655,20 |
| 2.1.3.4 | радијаторни редуцири 1/3/8 | парче | 14,00 | 130,00 | 1.820,00 | 327,60 |
| 2.1.3.5 | радијаторни чепови 1 | парче | 14,00 | 130,00 | 1.820,00 | 327,60 |
| 2.1.3.6 | радијаторни спојници 1 | парче | 28,00 | 100,00 | 2.800,00 | 504,00 |
| 2.1.3.7 | радијаторни заптивки 1 | парче | 64,00 | 25,00 | 1.600,00 | 288,00 |
| 2.1.3.8 | радијаторски вентили за обезвоздушување: | | | | | |
| 2.1.3.8.1 | 3/8 | парче | 14,00 | 160,00 | 2.240,00 | 403,20 |
| 2.1.3.8.2 | 1/2 | парче | 4,00 | 170,00 | 680,00 | 122,40 |
| 2.1.3.9 | радијаторски држачи | парче | 28,00 | 140,00 | 3.920,00 | 705,60 |
| 2.1.3.10 | радијаторски конзоли | парче | 28,00 | 140,00 | 3.920,00 | 705,60 |
| 2.1.4 | Челични цевки според МКС C B 5.211 | | | | | |
| 2.1.4.1 | NO15 | м | 60,00 | 150,00 | 9.000,00 | 1.620,00 |
| 2.1.4.2 | NO20 | м | 42,00 | 180,00 | 7.560,00 | 1.360,80 |
| 2.1.4.3 | NO25 | м | 30,00 | 280,00 | 8.400,00 | 1.512,00 |
| 2.1.4.4 | NO32 | м | 24,00 | 360,00 | 8.640,00 | 1.555,20 |
| 2.1.4.5 | NO40 | м | 36,00 | 450,00 | 16.200,00 | 2.916,00 |
| 2.1.5 | Црни колена R=1,5 D | | | | | |
| 2.1.5.1 | NO25 | парче | 16,00 | 150,00 | 2.400,00 | 432,00 |
| 2.1.5.2 | NO32 | парче | 10,00 | 170,00 | 1.700,00 | 306,00 |
| 2.1.5.3 | NO40 | парче | 12,00 | 230,00 | 2.760,00 | 496,80 |
| 2.1.6 | Споен матријал - ацетелен кислород и жица за заварување се наплатува 50% од вредноста на позиции 2.1.4 и 2.1.5 | % | 0,50 | 56.660,00 | 28.330,00 | 5.099,40 |
| 2.1.7 | Минизирање и фарбање на цевна мрежа со лак бела боја | | | | | |
| 2.1.7.1 | NO15 | м | 60,00 | 40,00 | 2.400,00 | 432,00 |
| 2.1.7.2 | NO20 | м | 42,00 | 40,00 | 1.680,00 | 302,40 |
| 2.1.7.3 | NO25 | м | 30,00 | 50,00 | 1.500,00 | 270,00 |
| 2.1.7.4 | NO32 | м | 24,00 | 50,00 | 1.200,00 | 216,00 |
| 2.1.7.5 | NO40 | м | 36,00 | 60,00 | 2.160,00 | 388,80 |
| 2.1.8 | Дупли шелни за фиксирање на цевна линија на ѕидови | парче | 20,00 | 200,00 | 4.000,00 | 720,00 |
| 2.1.9 | Испитување на радијаторска и цевна инсталација | паушал | 1,00 | 8.000,00 | 8.000,00 | 1.440,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.2** | **КОТЛАРНИЦА** | | | | | |
| 2.2.1 | Набавка, испорака и монтажа на топловоден котел на пелети со снага од 35kw, комплетиран со горилник, сопствен резервоар за пелети, автоматика за дотур на пелети до горилник, тип пелинг-еко 40kw | комплет | 1,00 | 150.000,00 | 150.000,00 | 27.000,00 |
| 2.2.2 | Цевки и колена за одвод на димни гасови од котел до оџак ф120 мм со должина од 5 м | комплет | 1,00 | 10.000,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 2.2.3 | Топчести вентили со холендер | | | | | |
| 2.2.3.1 | NO15 | парче | 4,00 | 600,00 | 2.400,00 | 432,00 |
| 2.2.3.2 | NO32 | парче | 6,00 | 1.000,00 | 6.000,00 | 1.080,00 |
| 2.2.3.3 | NO40 | парче | 4,00 | 1.200,00 | 4.800,00 | 864,00 |
| 2.2.4 | Циркулациона пумпа | | | | | |
| 2.2.4.1 | NO32/100 | парче | 2,00 | 15.000,00 | 30.000,00 | 5.400,00 |
| 2.2.5 | Експанзиона посуда V=50литри | парче | 1,00 | 5.500,00 | 5.500,00 | 990,00 |
| 2.2.6 | Сигурносен вентиил со опруга 1 | парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | 630,00 |
| 2.2.7 | Изолација на цевна мрежа во котларница со армафлекс со дебелина 9 мм | | | | | |
| 2.2.7.1 | NO32 | м | 24,00 | 160,00 | 3.840,00 | 691,20 |
| 2.2.7.2 | NO40 | м | 36,00 | 230,00 | 8.280,00 | 1.490,40 |
| 2.2.8 | Електрична инсталација: | | | | | |
| 2.2.8.1 | Електрична разводна табла за пумпи, котел, осветлување со сите заштити | парче | 1,00 | 24.000,00 | 24.000,00 | 4.320,00 |
| 2.2.9 | кабел | | | | | |
| 2.2.9.1 | 3x2,5 мм2 | м | 60,00 | 80,00 | 4.800,00 | 864,00 |
| 2.2.9.2 | 3x1,5мм2 | м | 50,00 | 72,00 | 3.600,00 | 648,00 |
| 2.2.9.3 | 5x4мм2 | м | 30,00 | 160,00 | 4.800,00 | 864,00 |
| 2.2.10 | Пуштање во пробна работа на котелот и балансирање на системот | паушал | 1,00 | 10.000,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| **3.** | **ЕЛЕКТРИЧНА ИСТАЛАЦИЈА** | | | | | |
| 3.1 | Набавка, транспорт и монтажа на: | | | | | |
| 3.1.1 | Кабел ППУ 3 x 1,5 мм2 | м | 800,00 | 72,00 | 57.600,00 | 10.368,00 |
| 3.1.2 | Кабел ППУ 3 x 2,5 мм2 | м | 1.350,00 | 80,00 | 108.000,00 | 19.440,00 |
| 3.1.3 | Кабел ППУ 5 x 2,5 мм 2 | м | 250,00 | 85,00 | 21.250,00 | 3.825,00 |
| 3.1.4 | Кабел ППУ 5 x 6 мм2 | м | 190,00 | 250,00 | 47.500,00 | 8.550,00 |
| 3.1.5 | Кабел ППУ 5 x 10 мм2 | м | 60,00 | 400,00 | 24.000,00 | 4.320,00 |
| 3.2 | Набавка,транспорт и монтажа на: | | | | | |
| 3.2.1 | Прекинувач обичен-вграден | парче | 18,00 | 240,00 | 4.320,00 | 777,60 |
| 3.2.3 | Прекинувач неизменичен вграден | парче | 10,00 | 250,00 | 2.500,00 | 450,00 |
| 3.2.3 | Шуко приклучница монофазна | парче | 45,00 | 260,00 | 11.700,00 | 2.106,00 |
| 3.2.4 | Дупла шуко приклучница монофазна | парче | 70,00 | 350,00 | 24.500,00 | 4.410,00 |
| 3.2.5 | Прекинувач сериски вграден | парче | 12,00 | 250,00 | 3.000,00 | 540,00 |
| 3.3 | Набавка,транспорт и монтажа на: | | | | | |
| 3.3.1 | Лед плафоњерки 15w F300 mm | парче | 25,00 | 1.800,00 | 45.000,00 | 8.100,00 |
| 3.3.2 | Вграден лед панел 35w 3300 | парче | 70,00 | 3.200,00 | 224.000,00 | 40.320,00 |
| 3.3.3 | Панична лед светилка 18 rled | парче | 15,00 | 1.700,00 | 25.500,00 | 4.590,00 |
| 3.4 | Набавка транспорт и монтажа на надградна разводна табла<br>СТ-36, пластична комплет со сите потребни автоматски осигурувачи (А.О. В1ОА 1П, А.О. В16 А 1П) | парче | 3,00 | 12.500,00 | 37.500,00 | 6.750,00 |
| 3.5 | Штемање на шлицеви во малтер за инсталација на кабли и<br>нивно крпење | м | 400,00 | 200,00 | 80.000,00 | 14.400,00 |
| 3.6 | Набавка транспорт и монтажа на: | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.6.1 | Пластични канали (25х25мм) | м | 300,00 | 70,00 | 21.000,00 | 3.780,00 |
| 3.6.2 | Пластични канали (40х40мм) | м | 200,00 | 90,00 | 18.000,00 | 3.240,00 |
| 3.7 | Демонтажа на постоечка громобранска инсталација | паушал | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 900,00 |
| 3.8 | Набавка транспорт и монтажа на поцинкована трака ФеЗн (20х3)мм на соодветни држачи за лимен кров | паушал | 1,00 | 60.000,00 | 60.000,00 | 10.800,00 |
| **4.** | **ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 4.1 | Демонтажа на цевки ППР | | | | | |
| 4.1.1 | Ф20 | парче | 46,00 | 60,00 | 2.760,00 | 496,80 |
| 4.1.2 | Ф25 | парче | 29,00 | 60,00 | 1.740,00 | 313,20 |
| 4.1.3 | Ф32 | парче | 15,00 | 60,00 | 900,00 | 162,00 |
| 4.2 | Демонтажа на цевки ливено железни канализациони | | | | | |
| 4.2.1 | Ф50 | парче | 20,00 | 120,00 | 2.400,00 | 432,00 |
| 4.2.2 | Ф70 | парче | 33,00 | 120,00 | 3.960,00 | 712,80 |
| 4.2.3 | Ф100 | парче | 18,00 | 120,00 | 2.160,00 | 388,80 |
| 4.2.4 | Ф150 | парче | 10,00 | 120,00 | 1.200,00 | 216,00 |
| 4.3 | Демонтажа на разни славини за ладна и топла вода | парче | 6,00 | 100,00 | 600,00 | 108,00 |
| 4.4 | Демонтажа на умивалници | парче | 6,00 | 150,00 | 900,00 | 162,00 |
| 4.5 | Демонтажа на вц шоља комплет | парче | 4,00 | 150,00 | 600,00 | 108,00 |
| 4.6 | Демонтажа на вц казанче | парче | 4,00 | 150,00 | 600,00 | 108,00 |
| 4.7 | Демонтажа на разни држачи | | | | | |
| 4.7.1 | за сапун | парче | 8,00 | 50,00 | 400,00 | 72,00 |
| 4.7.2 | за тоалет | парче | 4,00 | 50,00 | 200,00 | 36,00 |
| 4.7.3 | за роло | парче | 4,00 | 50,00 | 200,00 | 36,00 |
| 4.7.4 | дозер за течен сапун | парче | 8,00 | 50,00 | 400,00 | 72,00 |
| 4.8 | Набавка транспорт и монтажа на ППР цевки водоводни | | | | | |
| 4.8.1 | Ф20 | м | 46,00 | 450,00 | 20.700,00 | 3.726,00 |
| 4.8.2 | Ф25 | м | 29,00 | 500,00 | 14.500,00 | 2.610,00 |
| 4.8.3 | Ф32 | м | 15,00 | 600,00 | 9.000,00 | 1.620,00 |
| 4.9 | Набавка транспорт и монтажа на вентили ППР со пониклована капа | | | | | |
| 4.9.1 | Ф20 | м | 8,00 | 700,00 | 5.600,00 | 1.008,00 |
| 4.9.2 | Ф25 | м | 4,00 | 720,00 | 2.880,00 | 518,40 |
| 4.9.3 | Ф32 | м | 2,00 | 980,00 | 1.960,00 | 352,80 |
| 4.10 | Дупки во бетон за пролаз на цевките | м | 32,00 | 700,00 | 22.400,00 | 4.032,00 |
| 4.11 | Шлицање во плочки и малтер | м | 75,00 | 200,00 | 15.000,00 | 2.700,00 |
| 4.12 | Набавка транспорт и монтажа на ПВЦ канализациони цевки | | | | | |
| 4.12.1 | Ф50 | м | 20,00 | 450,00 | 9.000,00 | 1.620,00 |
| 4.12.2 | Ф70 | м | 33,00 | 550,00 | 18.150,00 | 3.267,00 |
| 4.12.3 | Ф100 | м | 18,00 | 800,00 | 14.400,00 | 2.592,00 |
| 4.12.4 | Ф125 | м | 8,00 | 950,00 | 7.600,00 | 1.368,00 |
| 4.12.5 | Ф150 | м | 10,00 | 1.100,00 | 11.000,00 | 1.980,00 |
| 4.13 | Набавка, транспорт и монтажа на топ сифон ПВЦ | | | | | |
| 4.13.1 | Ф50 со решетка | м | 4,00 | 750,00 | 3.000,00 | 540,00 |
| 4.13.2 | Ф70 поникловано | м | 4,00 | 800,00 | 3.200,00 | 576,00 |
| 4.13.3 | Ф100 | м | 2,00 | 900,00 | 1.800,00 | 324,00 |
| 4.14 | Набавка транспорт и монтажа на ВЦ шоља компет со капак за ВЦ шоља и штафови | парче | 4,00 | 2.600,00 | 10.400,00 | 1.872,00 |
| 4.15 | Набавка транспорт и монтажа на ВЦ казанче комплет со ек. вентил и црево | парче | 4,00 | 2.000,00 | 8.000,00 | 1.440,00 |
| 4.16 | Набавка транспорт и монтажа на умивалник | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | комплет со штрафови и сифон: | | | | | |
| 4.16.1 | Без чизма | парче | 4,00 | 2.500,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 4.16.2 | Со чизма | парче | 4,00 | 3.500,00 | 14.000,00 | 2.520,00 |
| 4.17 | Набавка транспорт и монтажа на славина за ладна вода | парче | 8,00 | 1.800,00 | 14.400,00 | 2.592,00 |
| 4.18 | Набавка транспорт и монтажа на славина за ладна и топла вода | парче | 4,00 | 2.500,00 | 10.000,00 | 1.800,00 |
| 4.19 | Набавка транспорт и монтажа на огледало | парче | 8,00 | 1.200,00 | 9.600,00 | 1.728,00 |
| 4.20 | Набавка транспорт и монтажа на држачи | | | | | |
| 4.20.1 | за сапун никловано | парче | 8,00 | 700,00 | 5.600,00 | 1.008,00 |
| 4.20.2 | за роло | парче | 4,00 | 700,00 | 2.800,00 | 504,00 |
| 4.20.3 | за тоалет хартија | парче | 4,00 | 700,00 | 2.800,00 | 504,00 |
| 4.20.4 | дозер за течен сапун | парче | 8,00 | 1.700,00 | 13.600,00 | 2.448,00 |
| 4.20.5 | феномат за раце | парче | 4,00 | 10.000,00 | 40.000,00 | 7.200,00 |
| | Вкупна цена на листата без ДДВ: **8.226.645,90**<br>Со зборови: осум милиони двеста дваесет и шест илјади шестотини четириесет и пет денари и деведесет дени | | | | | |

Вкупната цена на предметот на договорот за јавна набавка од член 1 на овој Договор изнесува **8.226.645,90 МКД** (осум милиони двеста дваесет и шест илјади шестотини четириесет и пет денари и деведесет дени), без вклучен ДДВ.

Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 1.480.796,26 денари.

Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **9.707.442,16 МКД** (девет милиони седумстотини и седум илјади четрстотини четириесет и два денари и шеснаесет дени).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен работите предмет на договорот да ги изврши во рок од најмногу 60 дена од денот на воведување на работата, на начин определен со прописите и правилата на струката. Договорниот орган ќе го воведе Носителот на набавката во работа во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

Изведувањето на работите предмет на набавка, ќе започне по добивање на Согласност од Општина Куманово.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен договорените работи да ги извршува стручно, солидно, квалитетно и совесно според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи, постапувајќи како добар стопанственик.
Носителот на набавката е должен работите да ги изведе на таков начин што во текот на изведување на работите и во текот на употребата нема да дојде до нарушување на механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на објектот.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган увид над изведување на работите и да соработува со Надзорот на изведување на работи што ќе го определи Договорниот орган.
Носителот на набавката е должен да води Градежен дневник и Градежна книга при изведувањето на договорените работи кои ќе бидат потпишани од страна на Надзорот за изведување на работите.

Член 7

Носителот на набавката е должен да ги надомести сите штети на трети лица кои се предизвикани од изведувањето на работите, по негова вина.

Член 8

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката е должен:

- на погоден начин да ги обезбедува и чува изведените работи од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување;
- да презема мерки заради обезбедување на сигурноста над изведбата на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината во согласност со закон.

Член 9

По завршување на договорените работи – предмет на овој Договор, Носителот на набавката е должен да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа и да го исчисти објектот.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган е должен по склучување на договорот, а пред започнување на работите да го извести Носителот на набавката кој е Надзорот на изведување на работите и да го воведе Носителот на набавката во работа во рокот утврден во член 5 од овој Договор, обезбедувајќи му на Носителот на набавката право на пристап во објектот.

## IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Договорниот орган предвидува авансно плаќање во висина од 20% од вкупниот износ на договорот.
Договорниот орган пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор ќе се изврши во рок од најмногу 15 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по изведена ситуација. За секоја изведена времена ситуација, фактурата мора да биде придружена со копија од градежната книга од изведените работи, комплетирани со пресметка и уредно потпишани од овластени лица на двете договорни страни и Надзорот на изведување на работи.

Завршната фактурата мора да биде придружена со записник за извршеното примопредавање на изведените работи, комплетиран со завршна пресметка и уредно потпишан од овластени лица на двете договорни страни и Надзорот на изведување на работи, како и примерок од Градежен дневник на изведените работи и Изјава на Носителот на набавката за отстранување на штети и скриени маани во гарантниот период во времетраење од една година од денот на извршеното примопредавање.

## X. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и ќе биде со времетраење од 16 месеци.

## XI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 13

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат маани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

Член 14

Гарантниот рок за квалитетот на изведените работи изнесува 12 месеци, а започнува да тече од извршено примопредавање на завршените-изведените работи.

Член 15

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање, а Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок.

## XII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на договорот, со важност до целосно реализирање на договорот .

Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, во периодот на реализација, односно во гарантниот период, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од истекот на гарантниот период.

## XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIV. ВИША СИЛА

Член 18

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XV. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 19

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 20

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 21

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Марија Димитријевска, вработена кај Договорниот орган, која има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 22

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Марија Петровска
Раководител на Одделение за јавни набавки

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за производство промет, проектирање, монтажа и инсталирање инженеринг ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ Скопје**

Управител
Чедомир Петрунов